**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО**
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр.11-513/1 од 21.04.2022 година
ЧУЧЕР - САНДЕВО

Врз основа на член 65 став (6) од Закон за животната средина („Сл. весник на Р. М. " бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), **Општина Чучер Сандево,** на ден **21.04.2022 година**, донесе

**Одлука за не спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево** не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од имплементација на планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево** се определуваат следните: Министерство за животна средина и просторно планирање и Општина Чучер Сандево.

3. За планскиот документ **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево**, донесувањето на планскиот документ ќе нема влијание врз животната средина.

4. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од не спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Чучер Сандево: http://www.cucersandevo.gov.mk

5. Против оваа одлука јавноста има право на жалба жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Изработил:
**М.Мошев**

**ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО**
**Градоначалник,**
**Сашко Комненовиќ**

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Чучер Сандево |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на општина Чучер Сандево |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Бојан Муличковски, д.и.а. овластување бр. 0.0070 |
| Назив на работното место | Планер |
| Контакт податоци за лицето | 023083575<br>e-mail - bildurban@yahoo.com |

| **Основни податоци за планскиот документ** | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Законот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Сл. весник на РМ" бр. 225/20 и 219/21) | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Планската документација за просторот кој го опфаќа локалитетот за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево бидејќи се работи за локација, за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Да, просторно и урбанистичко планирање | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☒<br>Не ☐ | Член: 3 | Точка: 13 | Алинеја: / |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Не | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |
| Предметниот локалитет има потреба од донесување на плански документ кој ќе му овозможи оформување на нова градежна парцела и изградба на објект/и намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока.<br>Катастарските парцели треба да се дооформат и обезбедат секоја со сопствен пристап од улица, како и да се задоволат барањата на инвеститорот.<br>• површини;<br>• квалитет на градба;<br>• употреба на материјали;<br>• поголеми естетски вредности;<br>• соодветни инсталации;<br>• обезбедување на сите сообраќајни услови за проточност и безбедност на сообраќајот и комплексно решавање на сообраќајот во мирување; | | | |

| |
|---|
| • поврзување со сите градски инфраструктурни системи, како и можност од реализација на нови системи; |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Просторно и урбанистичко планирање |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Пет години |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| По истекот на пропишаниот плански период |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Просторот е дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево<br>Границите на планскиот опфат се поклопуваат со катастарски парцели: КП 2846 И КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.<br>Бидејќи се работи за локација, за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација.<br>Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 7701 м2. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☐<br>Не ☒ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☐<br>Не ☒ |

| Резиме на влијанијата врз животната средина<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Изградбата на планираните објекти во рамките на планскиот опфат се очекува да предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот и се разбира економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила и вработување, и во крајна мера обезбедување на комунален надоместок кој би се вратил во форма на инфраструктурна опременост на просторот. Влијанијата кои ќе се јават во фазата на експлоатација на објектите се проценуваат како не многу значајни, но со долгорочен карактер, имајќи го предвид фактот дека планираните објекти долгорочно ќе опстојуваат на оваа локација. Во фазата на експлоатација на објектите се очекува фреквенција на возила, со што се очекува зголемување на количината на издувани гасови во воздухот, зголемено ниво на бучава, а на самата локација и зголемена продукција на различни видови на отпад. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Просторниот концепт го сочинува следниот систем на класи на намени:<br>Г – РУДАРСТВО, ЕНЕРГЕТИКА, ИНДУСТРИЈА<br>Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа е следната:<br>Г4.1 –ОТВОРЕНИ, ПОЛУЗАТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ СКЛАДИШТА ЗА ИНДУСТРИСКА СТОКА<br>Влијанијата, кои се претпоставува дека може да произлезат со имплементацијата на оваа УП, може да се разгледуваат од аспект на негативни влијанија и од аспект на идни бенефиции, односно позитивни влијанија. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Изградбата на предвидените содржини на предметната локација ќе има кумулативно влијание врз животната средина, кое пред се ќе се огледа на штетното влијание врз амбиенталниот воздух, поради зголемената фреквенција на возила, како и во зголемувањето на количеството на создаден отпад (комунален), во фазата на градба на планираните објекти.<br><br>Од проектот не се очекуваат значајни влијанија врз животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на планираните проектни содржини не спаѓаат во групата на големи и директни загадувачи на животната средина и животот и здравјето на луѓето. |

| | |
|---|---|
| Прекугранична природа на влијанијата; | Од овој проект не се очекуваат прекугранични влијанија. |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Нема опасност од ризици врз здравјето на луѓето или животната средина како резултат на несреќи и хаварии Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При концепирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Сите објекти ќе се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила. Планирањето и изработката на техничката документација е во согласност со Законот за заштита и спасување („Сл. весник на Р. М.“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16). |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со својата местоположба припаѓа на територија на Општина Чучер Сандево.<br>Просторот е дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.<br>Границите на планскиот опфат се поклопуваат со катастарските парцели: КП 2846 И КП 2845 КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево.<br>Дефинираниот простор за изработка на наведениот плански документ зафаќа површина од 7701 м2. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Економското образложение за начинот, обемот и динамиката на финансирање на реализација на планското решение на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево , ги опфаќа сите трошоци за планирање, | |

<table>
<tr><td colspan="2">уредување на замјиштето за изградба на објектите и партерно уредување.<br>Планот предвидува 7701 м2 површина,  која е со опфатена со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево и е со намена  Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока . Дозволена површина на градба е 3389 м2, со бруто површина 6779 м2.<br>Во споредба со постојната неизградена површина се гледа дека во планското решение имаме поголема искористеност на земјиштето со што се добива повеќе комуналии за Општината, а со уредувањето на комуналниот систем ќе се овозможи поголем квалитет, односно повисок стандард на живеење за жителите во непосредната околина и пошироко, за општината Чучер Сандево.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>При изработката на планската документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасната контрола на користењето и уредувањето на земјиштето и утврдување на нормите и стандардите за градба.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>На предметната локација не е евидентирано културно наследство.</td></tr>
<tr><td>Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности</td><td>Не се очекува надминување на стандардите за квалитет на животната средина, ниту пак на граничните вредности.</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>При увидот на лице место, согледано е дека просторот е градежно неизграден и треба програмски да се осмисли и испланира за реалните потреби.<br>Во рамките на планскиот опфат  просторот е ангажиран за Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја.</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во графичкиот прилог се дадени симболи за соодветни намени на просторот а тоа се следните:<br>Г4.1 – ОТВОРЕНИ, ПОЛУЗАТВОРЕНИ И ЗАТВОРЕНИ СКЛАДИШТА  ЗА ИНДУСТРИСКА СТОКА</td></tr>
<tr><td colspan="2">Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Не се очекува предвидените објекти за градење да имаат негативно влијание врз околните објекти, доколку се спроведат сите мерки кои ќе бидат предвидени во планската документација и Извештајот за Стратегиската оцена врз животната средина да влијаат негативно врз објектите кои се планирани да се градат во рамките на овој плански опфат.</td></tr>
</table>

Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:
(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)
Донесувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево ќе има влијанија кои се огледаат во следните области од животната средина:

- воздух- активностите за изградба на предвидените објекти и нивното функционирање ќе влијаат врз квалитетот на воздухот, пред се поради емитувањето на штетни гасови од возилата и градежната механизација која ќе сообраќа до предметната локација (во текот на изградба и експлоатацијата на предвидените објекти). Сепак се оценува дека ова влијание нема значително да го загрози квалитетот на воздухот.
- површински и подземни води- со реализација на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на објект со намена Г4.1 – Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП 2846 и КП 2845, КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево не се очекуваат значителни влијанија врз површинските и подземните води. Планските решенија за комуналната инфраструктура, собирањето на фекалните и атмосферски води од планскиот опфат и поврзување со постојната мрежа и одведување на истите во непропусна септичка јама, овозможува евентуалните негативни влијанија врз подземните и површинските води
да се детерминираат кон извори на емисија кои се резултат на функционирањето на планираните објекти. Тоа подразбира детална идентификација на овие извори при имплементација на оваа планска документација со цел преземање на соодветни мерки за спречување и елиминирање на негативните влијанија врз подземните и површинските води. Тоа практично значи дека секој од деловните субјекти кои претставува извор на технолошки отпадни води ќе треба да преземе активности за нивен соодветен третман во рамките на самиот деловен субјект, што претставува законска обврска.
- бучава- во фазата на реализација на проектот, како и во фаза на експлоатација се очекува зголемено ниво на бучава на предметната локација.
- отпад- во фазата на реализација и експлоатација на содржините предвидени во рамките на предметната локација се очекува зголемување на количеството на продуциран отпад. Доколку со истиот не се постапува согласно позитивните законски норми, може да бидат предизвикани значајни влијанија врз медиумите од животната средина (почва, подземни води, воздух итн.)
- флора и фауна- во пределот кој се наоѓа во рамките на планскиот опфат не се евидентирани карактеристични видови од флора и фауна, ендемични и загрозени видови, како и карактеристични живеалишта.
Предвиденото планско решение како алтернатива дава широки можности за заживување и иден развој на поширокиот простор на локацијата во разни насоки, односно дава можност просторот од неатрактивно земјоделско земјиште да прерасне во простор кој ќе даде голем придонес за развојот на регионот, локалната и националната економија.

| |
|---|
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Од еколошки аспект, значајни се следните влијанија кои може да бидат предизвикани врз животната средина:<br>- зголемување на нивото на загадување на воздухот (предизвикано од издувните гасови на возилата кои ќе сообраќаат во текот на изградбата на објектите во опфатот);<br>- зголемување на нивото на бучава (предизвикано од градежните активности, како и од сообраќањето на возилата во фаза на експлоатација); |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Бидејќи се работи за локација, за која не постои урбанистички план, т.е. истата е лоцирана во  просторен план, планскиот опфат се однесува само на предметната локација и нема претходна документација на која би можела да влијае |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Потенцијалните влијанија од предметниот плански документ не биле предмет на оцена во поранешната фаза на донесување на други плански документи |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Пред изградба на поединечните проекти/ објекти, кои влегуваат во состав на УП ќе се оцени потребата од изработка на Студија за оцена на влијание на објектите врз животната средина/ Елаборат за заштита на животната средина. |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник,<br>Сашко Комненовиќ |
| Датум 06. 07.2022<br>Место Скопје<br><br>Бр.11-513/2 од 06.07.2022 | М.П.<br>РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА<br>Општина Чучер - Сандево |

Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

- СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Чучер - Сандево
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Чучер - Сандево
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Komuna Çuçer-Sandevë

| Примено: 28-07-2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 513/4 | | |

Арх.бр УП1 15- 1323/2022
Дата 25-07-2022

До: Општина Чучер Сандево
Чучер Сандево
Република Северна Македонија

Предмет: Известување
Врска: ваш бр. 11-513/3 од 06.07.2022

Почитувани,

Во врска со Вашето барање доставено до Министерство за животна средина и просторно планирање-Сектор за просторно планирање под бр. УП1 15-1323/2022 од 11.07.2022 год. поврзано со постапка за носење на планска документација УПВО за УП со намена Г4.1-Отворени, полузатворени и затворени складишта за индустриска стока на КП бр. 2846 и КП бр. 2845, КО Глуво Бразда - Општина Чучер Сандево, Ве известуваме дека согласно Законот за животната средина („Службен весник" бр: 53/5, 81/5, 24/7, 159/8, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 42/16) Вашата Одлука за неспроведување на Стратегиска оцена за влијание на животната средина и формуларот, Министерството за животна средина и просторно планирање ги прифаќа.
Одлуката заедно со формуларите задолежително се објавуваат на веб страната на органот кој го подготвува и носи планскиот документ.

Со почит

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИМИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

Изработил: Милева Тагасовска